# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 2/2025 06.02.2025 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005 и и Службен Весник на РСМ бр. 202/2024) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 48-та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 05.02.2025 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2024 година бр. 26-123/3;
2. Одлука за давање согласност на Финансиски план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2025 година бр.26-123/4;
3. Заклучок за продолжување на важност на Одлуката за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години ( од прво до петто одделение ) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип бр.26-123/5.

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 08-123/7<br>06.02.2025 година<br>Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ГРАДОНАЧАЛНИК,<br>Драган Анастасов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр. 202/2024) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/2014 и 29/2015, 23/2019 и 9/2024) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.02.2025 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2024 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2024 година.

Член 3

Одлуката стапува во со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-123/3
05.02.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005; 25/2014; 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.02.2025 година, расправајќи по Финансовиот план на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Финансов план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2025 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансовиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2025 година бр. 05-64/1 од 29.01.2025 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-76/1 од 03.02.2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2025 година бр. 05-64/1 од 29.01.2025 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-76/1 од 03.02.2025 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-123/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
05.02.2024 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.01.2025 година расправајќи по барањето за давање согласнсот на Одлуката за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години (од прво до петто одделение) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 03-30/2 од 30.01.2025 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**За продолжување на важност на Одлуката за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години ( од прво до петто одделение ) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип**

1. Се продолжува важноста на Одлуката за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години ( од прво до петто одделение ) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 26-80/15 од 26.01.2024 година најмногу за два месеци од денот на донесувањето на овој заклучок.
2. Се задолжува Директорот на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип за периодот од два месеци за подготви ново мени и цени на услугите за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години ( од прво до петто одделение ) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип.

3. Менито за храна ќе го изготвува ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип во соработка со стручни служби, согласно нормативите за храна, при што ќе се води сметка за видот на храна, количината, енергетската вредност на храната и возраста на децата.
4. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип

Број 26-123/5
05.02.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

---